
Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа


Лицата со посебни потреби кампуваат за да бидат видени и слушнати


Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

.47 2.43 % KMB 2,707.74 3.02 % MKSD 190.00 11.76 % MPT 27,450.00 3.58 % MTUR 3,700.00 8.82 % OHB 4,680.95 2.90 % REPL 43,000.00 2.38 % RZLE 16.00 23.08

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

30.10.2006, 16:08

ЗЛАТКО КРСТЕВСКИ



# ИЗВРШИВМЕ РЕАЛНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРАТА ВО ПРИЛЕП



**Мултимедијалниот уметник смета дека шансите за културата во сиромашна средина во транзиција не се големи**

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Работите во овој период од годината со другите членови на Центарот за визуелна уметност ,,Византˮ од Прилеп на организирање на два нови меѓународни настани, на мејл-арт изложбата ,,Идентитетиˮ како и на една фотоизложба од истиот ранг. Која е нивната годинешна карактеристика?

- Мејл- арт изложбата е од меѓународен карактер и кај нас се одржува неколку години, а за нејзиното одржување луѓето од прилепската галерија беа навистина широкогради, особено ликовниот селектор Богдан Грабулоски-Бонач. Подготовките за новата поставка започнаа кон крајот на 2004 година и траеја до август 2006 годинава, без обезбедени средствата, но средствата не секогаш се мотив да се направи нешто. Многу културни институции тажејќи дека немаат пари, преспиваат месеци, години...(но тие се под буџетскиот шатор). Претходното Министерство беше хендикепирано не само за нашите работи, туку и за позначајни зафати во културата во градот.

За изложбата на фотографии од меѓународен карактер веќе е завршен претходниот конкурс и следува финализација. Станува збор за уметничка фотографија на тема „Уметност на еротиката“, која е во вистински тренд во светот, во областа на издаваштвото, публикациите, албумите...

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ИВАНОВ НА СВЕТСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО ЈОРДАН
- СУСПЕНДИРАНИ 15 ВРАБОТЕНИ ВО МВР ЗА ИНЦИДЕНТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО
- ФЕНЕРБАХЧЕ И ОЛИМПИЈАКОС ЌЕ СЕ БОРАТ ЗА ЕВРОПСКАТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА
- МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ ДАМЈАН ДИМЕВСКИ ОСВОИ ГРАН ПРИ НА ФЕСТИВАЛ ВО ТУРЦИЈА
- ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ СО ДОБИВКА ОД 22,3 МИЛИОНИ ЕВРА ГО ПРОДОЛЖУВА ТРЕНДОТ НА ДОБРО РАБОТЕЊЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Обилни врнежи

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- СДСМ најавува битка за принципи, не за ресори
- Од недела нов влажен бран
- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула

Се судираме со проблем за изнаоѓање средства за каталог, бидејќи не им наплаќавме на уметниците котизација, но јас како уметник и самиот ги знам доста добро процедурите и бариерите, кога изложувам надвор свои дела. Наша идеја беше фото - изложбата да се одржува секоја година, така да ова е 3-та меѓународна изложба на фотографии. Некогаш без средства, само со иницијативи од областа на културата, имавме идеја да ги мобилизираме локалните творци од секаков вид ликовно творештво, и да ги придвижиме работите во „провинцијата", имајќи во предвид дека многумина се откажаа од творештво и се занимаваат со политика, сточарство, угостителство и што не.

Многу уметници ми се жалат дека градот сеуште не обезбедил ателјеа за творештво, а поранешната власт ни ветуваше дека во Центарот за култура ќе ни бидат доделени простории, но од тоа ништо .... Зад бариерите не секогаш стојат градот и градоначалниците кои (не)се заинтересирани да ја помогнат уметноста. Тие имаа разбирање само за соц-реалистичките манифестации кои се одржуваат во градот уште од комунизмот, заборавaат на милениумот и предизвиците во него. Меѓутоа новиот градоначалник, Марјан Ристески се покажа како голем поддржувач на културата во градот што е реткост кај транзициските градоначалници, а како љубител на ликовната уметност е и редовен посетител. Тоа долги години во Прилеп не се случило.

Задоволен ли сте од динамиката со која во Прилеп се случува децентрализацијата во културата, од афирмацијата на досега непознатите културни простори, од заинтересираноста на публиката за она што и го нудите?

- Шансите на културата во една сиромашна средина која е и во транзиција, не се големи. За да се зголемат тие, потребно е да се измери што имаме (културни ресурси и дејци), што сакаме и каде сакаме да стигнеме. Заради тоа, потребно е да се соберат многу оригинални идеи, многу вредни луѓе и да се обезбеди многу разбирање за нивната работа. На крајот сето тоа треба да се усвои како официјален акт на градот. Така, нашите проекти, идеи, планови и проектчиња ќе бидат засновани на званично донесена стратегија на градот и јасно ќе се види кој дел од стратегијата го „покрива" еден проект, културна акција или настан. Индикативната културна стратегија се однесува како ,,родилка" на сите поединечни културни иницијативи-проекти. Непознатите простори секогаш биле предизвик како и новата публика која случајно се нашла таму. Публиката постепено се прави. Галеријата на икони при Музејот е навистина идеален простор каде почнавме со неколку поставки иако ,,партизански" и бевме добро прифатени. Извршивме реално влијание врз културата на градот. Културното мртвило се' уште се чувствува и покрај „инцидентите" случувања во културата, градот нема креативен културен борд, ниту некаква платформа за културна политика.

Во градот треба да се вклучи и бизнис секторот, имајќи ги придобивките кои би ги добил од визуелната уметност. Финансиите се проблем на културните директори кои менаџираат со институциите и тие треба да ги засукаат ракавите и да ги помагаат „помалите" иницијативи. За жал, некои менаџери работата си ја сфатиле како средство за развој на културен авантуризам, надвор од границите на институцијата и државата, што претставува вистински парадокс.

Како мултумедијален ликовен уметник, автор на стрипови, афирмиран и надвор од Македонија, можете ли да посочите на кој начин ги отварате патиштата за афирмација и кои се вашите сегашни творечки преокупации?

- Веќе дваесет години сум присутен на меѓународната ликовна сцена на бројни фестивали и строго селективни изложби, паралелно со стрип, карикатура, мејл-арт, сликарство, перформанси. Недостигот на средства за презентација на делата се пречките на кои наидувам, но во мало место отсекогаш постојат пречки. Сега работам на еден циклус слики, на платно под наслов „Егрегор" започнат уште од 1994 година во поранешното екс-студио ,,Орта-џамија", каде ја преиспитувам магијата на идентитетот некогаш и сега во една мала земја.

Што ви говорат одредените искуства од сопствени кураторски практики при

Deutsche Welle

- Пипа кажа „Да"
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

организирањето на изложби и во Велес и Битола?

- Велес иако е сиромашен град, има најбогат културен дух :Рацин...

Во зградата при Музејот на градот, во една отпадна „шупа“ направивме одличен стрип перформанс со брат Љубе од „Визија“. Станувaше збор за интернационална постановка на современ стрип исказ, испечативме дури и 160 -страни каталог-бук со наслов ,,Екстрим“. Има многу ентузијасти во градот Велес кои живеат во свој филм, иако на шега ги викаме „урбани легенди“.

Битола е посебна приказна, во „Џез“ организиравме фотоизложба каде што поради амбиентот и случајната публиката пројави интерес за изложбите.

Таква атмосфера се создаде и во форматот на манифестацијата „Битола отворен град“, каде одржавме и стрип-работилница, отворена дискусија.

Визант стои зад малкуте изданија посветени на стрипот кои излегуваат во земјава. Која е динамиката на нивно објавување и по кој критериум?

- Нашите изданија „Кул стрип“, „Арт но бордер“ и новиот „Екстрим“, се' на се', се десет на број, но тука го вбројувам и учебникот за стрип-цртачи издаден пред неколку години , кој се надеваме дека им помогна на многу стрип-цртачи. Во него се пренесени искуства од врвни мајстори на стрипот Концептот на издавањето е да се промовираат новите арт-струења во деветтата уметност. Во почетокот имавме и пропусти, а замисла ни беше да објавиме се што е квалитетно во изданието „Стрип без граници“, каде свои стрипови ни испрати Игор Кордеј од Канада, кој работи на комерцијални стрипови „Бетмен“, стрип автори кои сум ги среќавал на фестивали и биле интересни за промовирање.

Нашите изданија се претежно на англиски и се одличен промотор на еден град-земја. Пофалби за новото издание добивме и од Патрик Мориарити од САД, еден од култните автори на стрипови и илустратор на музички изданија.

Статијата е прочитана 1373 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

**ОСТАНАТИ ВЕСТИ**

**Наско Џорлев**
**Танцов игроказ замислен како шаховска табла**
**Педесетти број на „Блесок“**
**Наградата „Балканика“ доделена на грчката авторка Маро Дука**

период од-до 2006 - 2014

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

Утрински весник

РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

POWERED BY nextsense